ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА АКТИВО ЗА 2022 ГОДИНА

Програма АКТИВНИ ГРАЃАНИ – ДВИГАТЕЛ НА ОДДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ

НВО Инфоцентар во партнерство со АКТИВО од Велес, преку проектот „Здружени за активно граѓанство“ кој е поддржан од Европската Унија, и во соработка со Општина Чашка ги одржа информативни средби за јакнење на капацитетите на младите во Општина Чашка со цел формирање младински совет во општината.

Информативните средби се одржаа на 15 октомври 2022 година (сабота) во Салата за состаноци на Советот на Општина Чашка.



На истата воведно обраќање имаше Горан Стојановски, Градоначалник на Општина Чашка кој ја поздрави оваа иницијатива и нагласи дека Општина Чашка е високо на листата на пријателска општина кон младите, со транспарентност на политиките, благовремено информирање и достапност за секое прашање и одговор во најбрзо време, но и со отвореноста за прифаќање и финансирање на младински проекти. Она што во моментот е од значење за нас, е што Чашка станува општина која започнува со иницијатива за формирање Локален младински совет. Младите треба да бидат партнер на институциите, а во соработката треба да се вклучи и невладиниот сектор.



На информативните средби присуствуваше и Трајче Мишкоски, Претседател на Советот на Општина Чашка, кој според неговата возраст припаѓа на категоријата Млади, потенцираше дека младите во Општина Чашка ја имаат неговата поддршка и поддршката на Советот на Оштина Чашка за конкретни идеи и активности кои се во интерес на младите во Општина Чашка.



Информативна средба 1: Беше со цел запознавање со важноста на практикувањето на младинските политики, а предавачот Мазлам Аџдини, кој е младински активист од ЗЕУКС Тритон и член на ЛМС во Општина Маврово и Ростуше, се осврна на практикувањето на младинските политики во Република Северна Македонија, ги пренесе и искуствата од Општина Маврово и Ростуше, по што следуваше дискусија со присутните на оваа информативна сесија.

Информативна средба 2: Беше со цел запознавање на новата законската рамка за формирање ЛМС според новиот закон за младинско учество и младински политики



Предавачот Дитурим Џеладини, кој е младински активист од ЦЕД Теарце и претседател на ЛМС во Општина Боговиње, ги презентираше процедурите за формирање ЛМС пропишани во Законот за учество и младински политики. Исто така ги пренесе искуствата од Општина Боговиње, по што следуваше дискусија со присутните на оваа информативна сесија.

Идејата на оваа иницијатива е да се иницира формирање на локален младински совет (ЛМС) во Општина Чашка, кој ќе придонесе кон вклучување на младите во носењето одлуки, поголема информираност, јакнење на улогата на младите во општината, препознавањето на младинските потреби и предизвици, поттикнување на напредокот и развојот на младите како и зајакнување на нивната улога во општеството. За самите млади ова ќе биде мотивирачки чекор да практикуваат активно граѓанство, да учествуваат во решавањето на проблемите на младите од општината и да работат во градењето на подобра иднина во локалната средина за сите граѓани.

Во Општина Чашка до оваа година сеуште не се има формирано локален младински совет, иако се донесе законот за младинско учество уште во 2020 година кој ги задолжува сите општини да ги вклучат младите во носењето на младинските политики на локално ниво преку формирање на локални младински совети, развивање на ефективни младински политики како и јакнење на демократските капацитети во нивната заедница се со цел да бидат активни и ангажирани за изнаоѓање на решенија за подобар живот.

ЈАВНА ТРИБИНА – РЕШАВАЊЕ ПРОБЛЕМИ, ПРОМЕНИ, ВКЛУЧУВАЊЕ И ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ ВО ВЕЛЕС



Одржана Јавна трибина – Решавање проблеми, промени, вклучување и граѓански активизам во Велес

Голем интерес за присуство, размена на искуства во решавањето на проблемите во локалните заедници во Велес и Штип.



Заеднички настап на иницијативи и позитивни практики на креативниот активизам

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.Андон Шурков бр.6-1/10, 1400 Велес, МАКЕДОНИЈА
aktivoveles@yahoo.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје

Воведничари Никола Писарев, Горан Лефков, Денис Ампев и модератор Дејан Ристов



Трибината е дел од 6 трибини во 6 градови, во рамките на проектот “Заедно за подобро” на Центарот за современи уметности во соработка со Центарот за активни граѓани АКТИВО од Велес, а финансиски е подджан од Фондацијата Отворено општество Македонија.

ПРОГРАМА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

СРЕДБИ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ОПШТИНА ЧАШКА

Активо од Велес во соработка со НВО Инфоцентарот и Општина Чашка, и во 2022 година, организира серија средби со жителите на дел од населените места во Чашка, за да ги идентификува потребите и приоритетите на граѓаните, со посебен фокус на младите.



На 16 ноември, организиравме три настани односно средби со жителите на Извор, Чашка и Богомила. Месното население како и вработените во институцијата ООУ “Петре Поп Арсов” и ООУ „Тодор Јанев“ имаа можност на лице место пред претставници од локалната самоуправа, Одделението за локален економски развој да ги презентираат своите потреби и приоритети.




Учесниците на средбите побараа подобрување на образовниот процес преку модернизација на наставните и нагледните средства, како и подобрување на условите за спорт и рекреација на младите преку функционални детски игралишта и друго.



Претставниците на локалната власт ветија дека приоритетите на населението ќе бидат или вклучени во годишната програма и буџетот на Општината, или за нив ќе се бара поддршка од домашни и странски инвеститори и донатори.

Овие консултативни средби со граѓаните се организираат во рамки на проектот „Актвини граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар „Улоф Палме“ од Шведска.

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.Андон Шурков бр.6-1/10, 1400 Велес, МАКЕДОНИЈА
aktivoveles@yahoo.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје



ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА СО ЗАСТАРЕНИ ВОЗИЛА И НЕДОВОЛЕН БРОЈ ПОЖАРНИКАРИ

Територијалните противпожарни единици во Куманово, Свети Николе, Велес, Струмица, Крива Паланка, Теарце, Дебар и Маврово – Ростуше имаат стар возен парк, во некои од нив и над 40 години. Скоро во секоја општина има по едно или две неисправни возила.

Ова е наодот за Општина Велес, кој е дел од мониторингот на седум општини во државата што го спроведе НВО Инфоцентарот во соработка со АКТИВО од Велес, која е една од партнерските организации, со поддршка на Меѓународниот центар „Улоф Палме“ од Шведска, во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, во делот на противпожарната заштита.

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов“ бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје





МОНИТОРИНГ: ОПШТИНИТЕ И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

На 16 август 2022 година, Владата на РСМ на предлог на Министерството за економија усвои пакет препораки, мерки и задолженија за заштеда на електрична енергија до 15% во текот на претстојната зима. Овој пакет мерки е наменет за домаќинствата, бизнис заедницата, јавните институции, како и за општините и Град Скопје.

НВО Инфоцентарот со партнерските организации Спектар од Крива Паланка, Мајка од Куманово, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе, Организација на жени од Струмица, АКТИВО од Велес, ЦЕД од Теарце и ЗЕУКС Тритон од Маврово и Ростуше, во периодот септември – ноември 2022 година, спроведе мониторинг на активностите на општините за постигнување енергетска ефикасност и економски заштеди.

Целта на мониторингот беше да утврдиме дали и какви чекори преземаат општините за примена на препораките на Владата, дали активно работат на постигнување енергетска ефикасност и економски заштеди, како и дали спроведуваат кампањи и други активности за информирање на граѓаните за потребата и начините на штедење електрична енергија.

Мониторингот опфати седум општини: Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка, Свети Николе, Теарце, Маврово и Ростуше.

Овој мониторинг се реализира во рамките на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво", финансиски поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.



МОНИТОРИНГ
ОПШТИНИТЕ И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

- Општините преземаат чекори за примена на препораките на Владата за заштеда на електрична енергија до минимум 15%.
- **Во повеќето општини, во јавните објекти и на уличното осветлување, веќе се поставени или во тек е поставување штедливи светилки.**
- Некои општини веќе користат smart систем за јавно осветлување кој подразбира софтверска контрола на вклучување и исклучување на уличното осветлување.
- **ЕВН и натаму на поголемиот дел од општините не им доставува детални податоци за наплатата на комунална такса за јавно осветлување и затоа, општините немаат прецизен увид во приходите.**
- Во голем дел од општините во тек е замената на дрвените прозорци на училиштата и градинките со ПВЦ, како и поставување енергетски ефикасни фасади.
- **Повеќето општини, во административните згради и во јавните претпријатија, не дозволуваат вклучување клима уреди, електрични греалки и решоа, а компјутерите се исклучуваат по работното време.**
- Во општините се уште има малку или воошто нема фотоволтаични станици, но речиси сите имаат во план нивно поставување.
- **Најчесто, фотоволтаичните станици се поставуваат на крововите од општинските згради, училиштата и градинките.**
- Повеќето општини немаат стратегии за енергетска ефикаснот.
- **Повеќето општини користат кредити на Светската банка преку Министерството за финансии.**
- Повеќето општини ги намалуваат трошоците за репрезентација на градоначалниците и советите, како и за набавка на возила и мебел.
- **Повеќето општини не спроведуваат кампањи или други активности за информирање на граѓаните за потребата и начините на штедење електрична енергија.**

Мониторингот опфаќа седум општини: Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка, Свети Николе, Теарце, Маврово и Ростуше.
Мониторингот се спроведува во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво"

Клучни наоди:

• Општините преземаат чекори за примена на препораките на Владата за заштеда на електрична енергија до минимум 15%.

• Во повеќето општини, во јавните објекти и на уличното осветлување, веќе се поставени или во тек е поставување штедливи светилки.

• Некои општини веќе користат smart систем за јавно осветлување кој подразбира софтверска контрола на вклучување и исклучување на уличното осветлување.

• ЕВН и натаму на поголемиот дел од општините не им доставува детални податоци за наплатата на комунална такса за јавно осветлување и затоа, општините немаат прецизен увид во приходите.

• Во голем дел од општините во тек е замената на дрвените прозорци на училиштата и градинките со ПВЦ, како и поставување енергетски ефикасни фасади.

• Повеќето општини, во административните згради и во јавните претпријатија, не дозволуваат вклучување клима уреди, електрични греалки и решоа, а компјутерите се исклучуваат по работното време.

• Во општините се уште има малку или воошто нема фотоволтаични станици, но речиси сите имаат во план нивно поставување.

• Најчесто, фотоволтаичните станици се поставуваат на крововите од општинските згради, училиштата и градинките. • Повеќето општини немаат стратегии за енергетска ефикаснот.

• Повеќето општини не спроведуваат кампањи или други активности за информирање на граѓаните за потребата и начините на штедење електрична енергија.

ЦЕНТАР НА АКТИВНИ ГРАЃАНИ АКТИВО ВЕЛЕС
ул.„Трајко Панов" бр.22, 1400 Велес, Република Северна Македонија
aktivoveles@gmail.com ЕМБС: 7190174, ЕДБ:4004017514954
жиро сметка: 210-0719017401-18 НЛБ Банка АД Скопје